**20111483216**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за извршување,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 октомври 2011 година.

Бр. 07- 4382/1
19 октомври 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија” број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10), во членовите 33 став (6) и 64 став (3) зборовите: “надлежната Второстепена комисија при Владата на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „ Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.